**Образец бр.1**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | **Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование** |
| Министерство: | **Министерство за образование и наука** |
| Лице за контакт/одговорно лице: | **Министер, Никола Тодоров** |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | **јануари 2010** |
| Поврзаност со ЕУ директиви | **Нема** |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

А. Почетна проценка на влијанието на регулативата

1. Кои се главните проблеми?

**При изготвување на овој Предлог - Закон, се тргна од потребата за да се доуредат одредени недоречености во законот, како и да се подобрат одредени правни состојби. Ова е заради постигнување на ефикасност во високото образование кое ќе придонесе на профилирање на поквалитетен кадар, согласно современите барања на пазарот на трудот во државата и пошироко.**

2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

**Нова високообразовна установа, како факултет или висока стручна школа, во состав на постојните јавни универзитети, согласно Законот за високото образование се основа со закон. По завршувањето на работата на матичната комисија за основање на високообразовната установа и конституирањето на органите потребно е да биде избран декан и новооснованата високообразовна установа да биде запишана во Централниот регистар на Република Македонија со цел стекнување на статус на правно лице. За времето додека трае постапката за избор на декан, Законот за високото образование не попишува назначување на вршител на работата**

**декан. Заради надминување на оваа законска празнина се предлага ректорот да назначи вршител на должноста декан кој до изборот на декан ќе раководи со новооснованата високообразовна установа со што ќе се обезбеди нејзино запишување во Централниот регистар и донесување на подзаконските акти за работењето на високообразовната установа.**

**Согласно одредбите од член 53 од постојниот Закон за високото образование, ректорот на универзитетот во рамките на раководењето со универзитетот дава иницијатива за свикување на сенатот, ги свикува и претседава со седниците на сенатот и воедно треба да ги извршува одлуките и заклучоците на сенатот. Со оглед на фактот дека сенатот на универзитетот расправа и носи одлуки со кои се уредуваат клучните активност и политики на универзитетот, а во духот на академската слобода, со постојното законско решение е ускратена можноста за поширока иницијативност за заседанијата на сенатот и на прашањата по кои ќе расправа и носи одлуки сенатот. Со цел надминување на целосната зависнот на сенатот од ректорот, имајќи ги предвид досегашните искуства и пракса се предлага воведување на функцијата претседател на сенатот како и можноста за свикување на седниците на сенатот од неговиот преседател, ректорот или најмалку 15% од членовите. Оваа законско решение ќе придонесе кон зајакнување на позициите на сенатот и поголема отчетност во работењето на ректорот како на јавните така и на приватните високообразовни установи. Воедно се отвора можноста и за позачестени заседанија на сенатот, онаму каде што тоа не е случај а сè со цел негова поефикасна работа.**

**Во одредбите од постојниот Закон за високото образование назначувањето на вршител на должноста ректор не е уредено на соодветен начин. Во Законот се предвидува можност, сенатот на универзитетот да поведе постапка за разрешување на ректорот но не е уредено назначување на вршител на должноста ректор. Имајќи ја предвид важноста на функцијата ректор за животот и дејноста на универзитетот се укажува потребата прецизно да се дефинира функцијата вршител на должноста ректот со што непречено ќе се одвиваат сите витални функции на интегрираниот универзитет.**

**Системот на обезбедување и оценување на квалитетот на високото образование опфаќа акредитацијата на високообразовните установи за вршење на високообразовна дејност, акредитација на студиски програми, надворешна евалуација, самоевалуација и рангирање на високообразовните установи. Со постојниот Закон за високо образование за обезбедување и оценување на квалитетот на високото образование е предвидено формирање на две клучни тела, Одборот за акредитација на високото образование и Агенција за евалуација. Заради обезбедување на воедначен квалитет на високото образование на единствениот европски простор за високо образование, потребно е доследно применување, пред сè, на прифатените постапки и стандарди и водичот (насоките) кои се воспоставени од Европската асоцијација за обезбедување на квалитет на високото образование (ENQA). Со цел доследна и квалитетна контрола на постапките за акредитација и евлуација спроведувани од страна на домашните тела неопходно е истите да бидат полноправни членки на оваа асоцијација која**

има мошне високи критериуми и зачленувањето на две тела дополнително се отежнува и предизвикува дополнителни финансиски средства. Препораките на врвни странски експерти за следење на квалитетот на високото образование се помалите земји како што е Република Македонија е да имаат едно тело за акредитација и евалуација на високото образование. Формирањето на едно независно тело за обезбедување и оценување на квалитетот на високото образование ќе придонесе кон олеснето отпочнување на постапката за негово зачленување во Европската асоцијација за обезбедување на квалитет на високото образование (ENQA) со што ќе биде обезбедена контролата на квалитетот на неговата работа и олеснето признавање на високообразовните квалификации кои се издаваат во Република Македонија. За таа цел се предвидува формирање на Одбор за акредитација и евалуација на високото образование наместо досегашните Одбор за акредитација на високото образование и Агенција за евалуација. Одборот ќе биде составен од 19 члена од кои осум од редот на професорите избрани од Интеруниверзитетската конференција, соодветно на застапеноста на универзитетите според нивното учество во вкупниот број на прв пат запишани студенти во студиска година, два члена од Македонската академија на науките и уметностите, еден претставник на најрепрезентативното тело на работодавачите, еден член интеруниверзитскиот парламент на студентите и седум члена именувани од Владата на Република Македонија, од кои најмалку половината се од редот на професорите. Одборот за потребите на својата работа ќе може да формира и посебни стучни комисии со членови од земјава и странство.

Самоевалуацијата е една од позначајните активности во системот за обезбедување и следење на квалитетот на високото образование уредена со членот 77 од Законот за високото образование. Досегашното искуство и извршените увиди покажуваат дека високообразовните установи на оваа значајна активност не и го посветуваат должното внимание и не ги користат нејзините придобивките на задоволителен начин кој е во функција на унапредување на дејноста на високото образование. Меѓудругото со членот 77 се предвидува и оценување на наставниците од страна на студентите која се добива на крајот на секоја студиска година и истата се зема предвид при напредувањето на наставникот во наставно-научно звање. Со цел олеснување на оваа активност и обезбедување на поизразена целисходност и објективност на постапката се предвидува воведување на Државен електронски систем за самоевалуација и објавување на резултатите од самоевалуацијата на интернет страните на универзитетот, односно на секоја единица посебно (факултет и научен институт) и на министерството надлежно за работите на високото образование како би можело истите да бидат на достап на јаноста како што се предвидува со одредбите во Законот за високото образование. Ова законско решение ќе ја зајакне улогата на самоевалуацијата и соодветното користење на резултатите од нејзиното спроведување во процесот на следење и унапредување на квалитетот на високото образование.

Докторските студии со постојниот Закон за високото образование се уредени со одредбите од членот 96 како трет циклус на студии кои по правило

**траат три години и носат 180 ЕКТС. Со цел воспоставување на единствени основни критериуми за организирање и изведување на третиот циклус на студии ќе се осигура квалитетот стекнување на квалификациите за третиот циклус на студии согласно Националната рамка за високообразовните квалификации и нивно препознавање на домашниот и европскиот пазар на труд како и поттикнување на мобилноста и квалитетно одвивање на научно-истражувачката работа. Со измените на члеот 96 се предлагаат критериуми за менторите на докторскиот труд, комисиите за одбрана на трудот и содржината на докторските студии. Со оглед на фактот дека во нашата земја за прв пат докторските студии се организираат како трет циклус на студии предложените критериуми претставуваат солидна основа за развој на докторските студии и научно истражувачката работа. Предложениот модел е својствен за повеќето земји на Европската унија и регионот. Се предлага студиската програма за докторски студии главно да опфаќа активна истражувачка работа под менторство и да вклучува:**

**- организирана академска обука, што содржи напредни и стручни курсеви;**

**- независен истражувачки проект под менторство (докторски проект);**

**- меѓународна мобилност: најмалку еднонеделен престој;**

**- предавања и друг вид комуникациски активности;**

**- публикации во меѓународни научни списанија и активно учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд;**

**- изработка и јавна одбрана на докторски труд врз основа на докторскиот проект. Со цел следење на квалитетот и негово подобрување студиската програма за докторски студии се предлага да се евалуира најмалку на секои три години.**

**Досегашната практика покажува дека голем број од студентите на високообразовните установи во Република Македонија не се задоволни со начинот на оценувањето на нивното знаење и истиот не ги отсликува на соодветен начин нивните залагања и резултати. За таа цел се предлага модел на оценување во кои се вклучуваат и надворешни независни оценувачи чие оценување ќе има удел во формирањето на конечната оцена на студентот.Освен тоа, ќе придонесе кон поголема контрола на системот на оценување и како резултат на тоа зголемување на неговата ефикасност и квалитет, како и давање на реална слика за секоја високообразовна установа за квалитетот на студиските програми и нивното реализирање.**

**Се предлага и измена и дополнување во законот во делот на прекршочните одредби и глобите предвидени за високообразовните установи, како и за одговорното лице и професорите, кои ќе работат спротивно на одредбите од овој закон**

3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

**Министерството за образование и наука, Државниот просветен инспекторат, Секретаријатот за законодавство и Министерството за правда.**

Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

   **Постоечкиот Закон за високото образование.**

2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

   /

3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?

   **Иницијално е потребна анализа на постоечкиот Закон за високото образование за да се утврдат неговите слабости во деловите кои се уредуваат или се доуредуваат со овој закон.**

4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

**Во работната група формирана од министерот за образование и наука учествуваа претставници од Министерството за образование и наука, Одборот за акредитација на високото образование, Државниот просветен инспекторат, како и надворешни стручни лица од високообразовните установи во Република Македонија.**

**Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси**
(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија)

В. Временска рамка

1. Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?

   **Активностите за проценка на влијанието на регулативата се започнати од ноември 2010 години, кога се формира и работна група задолжена за изготвување на Предлог законот.**

2. Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?

   **не се планирани ангажирања на надворешни експерти**

3. Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?

**декември, 2010**

Г. Ресурси

1. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот ?

**Самиот Предлог - Закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование не предизвикува фискални импликации.**